# 28. КИНИСУЕ СТОЈАН ВО ПЛАНИНА




Кинисуе Стојан во планина
кинисуе Стојан нарачуе
нарачуе Стојан на мајкаси. /2

И оставам мајко седум сестри
ти да гледаш мајко да ги караш
да не скитат ноќе по сокаци. /2

Јас ќе одам мајко во планина
во планина мајко по рудина
да напасам мајко бело стадо. /2

Да не чујам мајко нешто смеја
да се бајат шега сељаните
да не ми се смејат другарите. /2

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995